# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА НАЦИОНАЛЕН РОМСКИ ЦЕНТАР ВО 2019 ГОДИНА



2019

ИЗДАВАЧ:
НАЦИОНАЛЕН РОМСКИ ЦЕНТАР
ул. "Доне Божинов" 11/5 1300 Куманово
тел/факс: +389 31 427 558
e-mail: info@nationalromacentrum.org
www.nationalromacentrum.org
www.ednomagazine.com
design: RUSTEM2021
robert@rustem.fr

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА НАЦИОНАЛЕН РОМСКИ ЦЕНТАР ВО 2019 ГОДИНА

Куманово, 2020 година

2019

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| ПРЕДГОВОР | 7 |
| ЗА НАС | 8 |
| ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКРУТА | 9 |
| 2019 ВО БРОЈКИ | 10 |
| АКТИВНОСТИ ВО 2019 ГОДИНА | 13 |
| СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 1 | 15 |
| ПОДДРШКА ЗА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА НА РОМСКО ДОМУВАЊЕ 2018-2020 | 16 |
| СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 2 | 21 |
| УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА ЖЕНИТЕ РОМКИ „МОЕТО ЗДРАВЈЕ, МОЕ ПРАВО“ | 22 |
| МЕНУВАЊЕ НА НАРАТИВИТЕ ЗА РОМИТЕ ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ | 26 |
| ПОДДРШКА НА ЖЕНИ РОМКИ ДА ГИ ИДЕНТИФИКУВААТ СВОИТЕ ПОТРЕБИ, ГИ ПОБАРААТ СВОИТЕ ПРАВА И ДА СЕ ЗГОЛЕМИ ПРИСТАПОТ ДО УСЛУГИ ЗА ОНИЕ КОИ ПРЕТРПЕЛЕ НАСИЛСТВО | 30 |
| ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНАТА РОМКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 34 |
| СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 3 | 39 |
| ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО МАКЕДОНИЈА | 40 |
| СПРЕЧУВАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА КОН РОМСКИТЕ ДЕЦА | 44 |
| ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ОД СТРАНА НА РОМИ И ДРУГИ РАНЛИВИ ГРУПИ | 48 |
| МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА | 53 |
| ПРОМОЦИЈА НА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И МЛАДИ ПРЕКУ НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ | 54 |
| ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ (СО ХРАНА) НА СИРОМАШТИЈАТА | 55 |
| „ДОСТА!“КАМПАЊА РОМСКА ГОРДОСТ | 56 |
| АНЕКС | 61 |
| НЕЗАВИСЕН РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ | 62 |



# ПРЕДГОВОР

Овој извештај го одразува работењето на Националниот Ромски Центар (НРЦ) – Куманово, од јануари до декември 2019 година. Како што се гледа од содржината на овој извештај, 2019 година беше и креативна но и со големи предизвици.

Од своето основање во 2005, НРЦ се развива како застапник и поддржувач на ромската заедница во Република Северна Македонија, како и на сите други заедници кои живеат под социјален ризик, односно болест, сиромаштија, се соочуваат со дискриминација, сегрегација или се ранливи и живеат на работ на социјална и економска маргинализација. НРЦ е инклузивна организација која се стреми да ги задоволи правата и интересите на своите конституенти со градење на мрежи и групи за поддршка на локално, национално и меѓународно ниво.

Со теренските активности во фома на едукациски работилници, информативни средби и кампањи кои се имплементираат во населени места со претежно ромска полулација, работи кон зајакување, едуцирање и ориентирање на населението во остварување на правата кои им се загарантирани со закон.

Во 2020 година, НРЦ ќе одбележи 15 години од своето постоење, 15 години активно промовирање на пристап до фундаментални права и залагање за почитување на принципот на еднаквост пред законот кога правата на граѓаните се компромитирани.

Денес, со стекнатото искуство, капацитетите кои ги поседува (човечки и материјални) низата на анализи на проценка на потребите на целната група во областите: домување, здравство и пристап до правда (преку бесплатна правна помош) прерасна во активен, препознатлив и влијателен субјект во државата кој се залага за владеење на правото во полза на сите граѓани без оглед на национална, верска и полова припадност.

Ашмет Елезовски
Извршен Директор
elezovski@nationalromacentrum.org

# ЗА НАС

НРЦ работи на национално ниво (најмногу во Куманово, Штип, Кочани, Скопје, Прилеп, Битола, Велес, Крива Паланка, Тетово, Гостивар, Кавадарци и Берово, Кичево) и на регионално ниво (Западен Балкан). Целна група на НРЦ првенствено се Роми кои се соочуваат со бариери при пристапот до права и диспропорционално засегнати групи на граѓани.

## МИСИЈА

Преку мобилизација и зајакнување на луѓе, користејќи методи за застапување врз основа на загарантирани права и партиципативен пристап, НРЦ ќе ги поддржи своите конституенти (Роми и други лица кои живеат под социјален ризик) за да ги исполнат своите основни права и ја уживаат слободата како еднакви граѓани во општеството.

## ВИЗИЈА

Поддршка за развој на општеството каде што сите луѓе се еднакви и имаат еднакви можности да уживаат во слободите и правата загарантирани во државата.

## СТРАТЕГИСКИ ПРИОРИТЕТИ

НРЦ има дефинирано три приоритетни области на делување за периодот од 2019 до 2021:

- **Пристоен дом и услови на живеење,**
- **Пристап до висококвалитетни здравствени услуги и информации,**
- **Еднаква можност за пристап до правда и владеење на право, за да ја поддржи ромската заедница и другите маргинализирани, ранливи категории на граѓани кои живеат во социјален ризик и да ги уживаат нивните законски права.**

Во секоја од овие области НРЦ делува во согласност со нејзините дефинирани цели, вредности и верувања за да оствари подобар живот за нејзините конституенти, и истовремено работејќи на своето позиционирање како организација со долгогодишна експертиза на национално и меѓународно ниво.

## ЧЛЕНОВИ СМЕ НА:

- Мрежа за бесплатна правна помош во Република Северна Македонија
- Ромска Младинска иницијатива
- European Roma Institute for Arts and Culture (ERIAC)
- European Grassroots Antiracist Movement (EGAM)
- Fare network - Football Against Racism in Europe
- European Roma and Travellers Forum (ERTF)
- International Roma Women Network (RWIN/PENJALIPE)
- European Public Health Alliance (EPHA)
- East meet West младинска мрежа

**Нашата работа може да ја следите на**
www.nationalromacentrum.org и
https://www.youtube.com/channel/UCYI5uhAIOzlZD6VUiduMVAg

# ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА



# 2019 ВО БРОЈКИ



**8**

РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ



**20.000**

ДИРЕКТНИ КОРИСНИЦИ



**10**

ГРАДОВИ НА ДЕЛУВАЊЕ



**80.000**

ИНДИРЕКТНИ КОРИСНИЦИ



**2.000**

СРЕДБИ ВО РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА



**6.000**

СЕМЕЈСТВА ДОБИЛЕ ПРАВНА ПОМОШ/СОВЕТИ



**7**

ПРАВНИ ПОСТАПКИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ЗДРАВСТВЕНИ И СОЦИЈАЛНИ ПРАВА



**104**

ИДЕНТИФИКУВАНИ/РЕГИСТРИРАНИ СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА КОН РОМСКИ ДЕЦА



**788**

ИЗГОТВЕНИ ПИСМЕНИ ПРАВНИ ДЕЈСТВИЈА



**340**

РОМСКИ СЕМЕЈСТВА ПОМОГНАТИ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА НА НИВНИТЕ ДОМОВИ(ПЛАТИВМЕ ПРАВНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ)

# 2019 ВО БРОЈКИ



**15**

ОРГАНИЗИРАНИ ОБУКИ



**340**

ДОСТАВЕНИ СЛУЧАИ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА ДО РЕЛЕВАНТНИТЕ ОРГАНИ



**50**

ОРГАНИЗИРАНИ РАБОТИЛНИЦИ



**10**

ПОТПИШАНИ МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ



**4**

ИСТРАЖУВАЊА РЕАЛИЗИРАНИ



**1**

ПОДГОТВЕНА КАРТАТА НА ЗАЕДНИЦАТА КОЈА ПРЕТСТАВУВА РЕАЛНА СЛИКА ЗА СТЕПЕНОТ НА ИСКОРИСТЕНОСТА НА АНТЕНАТАЛНИ И ПОСТПАРТАЛНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ОД СТРАНА НА РОМКИТЕ ОД КУМАНОВО НА ВОЗРАСТ ОД 15-49



**1**

КРАТКО РЕЗИМЕ ЗА ПРИМЕНЕТИ ПОЛИТИКИ ЗА АНТЕНАТАЛНА И ПОСТПАРТАЛНА ЗАШТИТА



**1**

ПОДГОТВЕНА АНАЛИЗА ЗА ИСКОРИСТЕНОСТА НА АНТНАТАЛНИТЕ И ПОСТПАРТАЛНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ВО 2018 ГОД, ОД СТРАНА НА РОМКИТЕ ВО КУМАНОВО

# 2019 ВО БРОЈКИ



6

ИНФОРМАТИВНИ ВИДЕО КЛИПОВИ



2

НАЦИОНАЛНИ КАМПАЊИ (1 ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈАТА НА РОМСКИТЕ ДЕЦА И 1 ЗА ЕДНАКВОСТ И ПРАВДА)



1

ФОРУМ ТЕАТАР



1

ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТА НА РОМСКИТЕ ДЕЦА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА И ПРИЈАВУВАЊЕ НА СЛУЧАИ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОЧЕТНА ПРАВНА ПОДДРШКА



10

СООПШТЕНИЈА ЗА ЈАВНОСТ



4

ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИИ СО МЕДИУМИТЕ



1

ФОРМИРАНА НАЦИОНАЛНА МРЕЖА НА АКТИВИСТИ ЗА ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И РЕГИСТРАЦИЈА НА СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА КОН РОМСКИТЕ ДЕЦА



1

ВОСПОСТАВЕН СИСТЕМ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ И ОРИЕНТИРАЊЕ НА ЛИЦА КОИ ИМААТ ПОТРЕБА ОД БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ СО ПОМОШ НА РОМСКИ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, АСИСТЕНТИ И ПРОЕКТНИ ПАРТНЕРИ



6

ДОКУМЕНТИ ЗА ЛОКАЛНА ПОЛИТИКА ЗА ПРИОРИТЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ ВО ВРСКА СО ЛЕГАЛИЗАЦИЈАТА НА РОМСКИТЕ ДОМОВИ И

# АКТИВНОСТИ ВО 2019 ГОДИНА

# Стратегиска цел 1

**Развој и имплементација на системски пристап за да се поддржат Ромите кои живеат во Македонија, како и други ранливи, маргинализирани луѓе кои живеат во социјален ризик, за да се решат прашања за легализација на имот/куќа и да се исполнат права на пристојно домување преку поддршка за пристап до вода, струја, канализација и други комунални услови на денешното модерно општство.**

## КОНКРЕТНИ СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ:

1.1 Иницирање и заземање на активно учество во процесите на донесување одлуки и застапување на локално и национално ниво кои се занимаваат со станбени прашања;

1.2 Пружање на директна поддршка, образување и овластување на целните корисници за нивните законски права и активни политички мерки, за да бидат поддржани во процесот до достигнување на соодветно домување;

1.3 Да се сензибилизира јавноста, со помош на моќта на медиумите и социјалните мрежи, за субстандардните услови во кои живеат луѓето, кое што води кон нивна социјална сегрегација и исклучување.

# Поддршка за легализација на ромско домување 2018-2020

период на имплементирање: 01.02.2018-31.01.2020
донатор: Делегација на Европска Унија во РСМ
локации: Куманово (Велес, Кичево, Кочани, Прилеп,, Штип)

Во РСМ постојат повеќе закони кои го регулираат домувањето, што се особено важни за Ромите, како што е Законот за домување и Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

Ромската заедница се соочува со едни од најлошите услови за домување во земјата. Дури 28 проценти од Ромите живеат во сиромашни населби, во лошо изградени живеалишта кои често немаат формална регистрација. Над 80.000 ромски домаќинства немаат долгорочно решение за домување. Често, отсуството на соодветна вода за пиење, електрична енергија, греење или санитарни услови се причина за генералната лоша здравствена состојба на ромското население.

Локалната самоуправа е директно задолжена да го регулира домувањето и е истовремено одговорна за развојот на инфраструктурата, урбанистичкото планирање и катастарските регистри. За жал многу Роми не се запознаени со комплексните институционални структури и практики и затоа, во голема мера имаат потреба од некој кој што може да ги упати и помогне во решавање на проблемот со легализација на нивниот дом.

Главната цел на проектот „Поддршка за легализација на ромско домување 2018-2020“ беше да го олесни процесот на легализација и со тоа да го зголеми процентот на законски регулирана сопственост врз домовите од страна на ромските граѓани во 6 општини во РСМ.

Преку поддршка на различни форми во процесот на легализација на ромските домови граѓаните беа запознаени со постапките за легализација, за измените и дополнувањата на управната постапка како и со дадената временска рамка за поднесување на апликациите. Истовремено им беше достапно бесплатно правно застапување и помош на семејствата во процес на легализација на своите куќи.

Со организирање на работилници за правата на домување во процесот на легализација како и подготовка на Водичот за Постапка за Легализација се зајакнаа капацитетите на ромските граѓански здруженија, претставниците од локалната самоуправа и претставници од Министерството за транспорт и врски.

# Поддршка за легализација на ромско домување 2018-2020

Спроведени активности и резултати:

- Регистрирани 623 случаи и 623 семејства добија правно советување и поддршка,
- 340 семејства добија директна правна помош и правно застапување во процесот на постапка за легализација;
- Дадени 3.559 вербални правни совети на корисници на редовни состаноци во постапката за легализација во 6 општини;
- Изработени се 788 писмени правни дејствија
- Доставени 340 случаи до соодветните органи;
- Платени правни и административни такси за 340 ромски семејства во постапката за легализација на нивните домови;
- Информирани во континуитет 3.559 Роми во 6 општини за нивните права и правна помош за легализацијата на нивните домови
- Организирани 50 дена правно советување на отворено со 623 граѓани Роми во 6 општини (10 во Куманово, 11 во Штип, 4 во Кочани, 10 во Прилеп и 10 во Кичево, 5 во Велес) за обезбедување бесплатна правна помош во врска со постапка за легализација на заинтересирани граѓани Роми;
- Спроведено 239 дена советување од врата до врата во 6 општини;
- Зајакнат капацитет на 34 членови на ромски граѓански здруженија за заштита и унапредување на правата на Ромите за домување и легализациј на нивните домови;
- Организирани три обуки за ромски граѓански здруженија за остварување на право на домување во процесот на легализација на домовите;
- Воспоставен систем за информирање и насочување на лица кои имаат потреба од бесплатна правна помош во соработка со ромски здруженија, асистенти и проектни партнери;
- Подготвен и дистрибуиран водич за ромски граѓански здруженија за права поврзани со легализација на домови;
- Доделени под-грантови на 5 ромски здруженија за промовирање на условите за домување на Ромите;
- Организирани обуки за општинските службеници и други релевантни чинители за избрани прашања поврзани со домување на Ромите, легализацијата на ромските домови и урбанизацијата на ромските населби;
- Одржани 21 состанок со релевантни засегнати страни (општини локални канцеларии на катастар) во 6 општини за прашања поврзани со ромските домови и урбанизацијата на ромските населби;
- Изготвени шест документи за локални политики со таргетирани приоритети на општините за легализацијата на ромските домови и урбанизацијата на ромските населби.







# Стратегиска цел 2

**Поставување на систем кој ќе го поддржи пристапот до високо квалитетни здравствени и социјални услуги за Ромите во Република Македонија, како и за останатите заедници кои живеат во социјален ризик.**

## КОНКРЕТНИ СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ:

2.1 Развивање и одржување на позицијата на НРЦ како релевантен партнер во општеството низ дијалог и застапување, со донесувачите и креаторите на политики на национално и локално ниво, за пристап до висококвалитетна здравствена заштита.

2.2 Информирање и подигање на свеста помеѓу целната група за нивните права и обврски како граѓани во областа на здравствената заштита, со посебен акцент на превенцијата како значаен фактор за здрав животен стил.

2.3 Промоција и подигање на свеста кај младите Роми и Ромки за здравствени права во соработка со медиуми, можности за едукација со користење на социјални медиуми, креативен активизам и моќноста на овие алатки во процесот на застапување и влијание на донесувачите на политики во областа на здравствената и социјалната заштита.

# Унапредување на здравјето на жените Ромки „Моето здравје, мое право“

период на имплементирање: 01.10.2018 – 01.02.2020
донатор: Ромска здравствената програма Сорос Берлин и Фондација Отворено Општество, Македонија
локација: Куманово

Според проценките на Светската здравствена организација, во 2017, 810 жени секојдневно умирале како последица на компликации за време на бременост и породување. 94% од жените кои го изгубиле животот потекнуваат од земји со низок економски развој. Поголем број од овие смртни случаи може да се избегнат доколку се овозможи континуиран и квалитетен пристап на жените до антенатални и постпартални здравствени услуги.

Со цел да се одговори на потребата за пристап до здравствена која е во согласност со **Генерална стратегиска цел 2: Поставување на систем кој ќе го поддржи пристапот до високо квалитетни здравствени и социјални услуги за Ромите во Република Македонија, како и за другите во социјален ризик**, НРЦ го имплементираше проектот „Моето здравје, мое право“ со цел промоција на сексуални и репродуктивни права на жени Ромки и други маргинализирани жени кои живеат во социјален ризик.

Во рамките на проектот беше направен мониторинг на реализацијата на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија како и на Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија, меѓу ромското население како ранлива популациска група во Општина Куманово.

Главна цел на анализата беше да се осознае достапноста и искористеноста на услугите предвидени со Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца и Програмата за партиципација. Притоа беа вклучени Ромки од Куманово кои во 2018 година биле корисници на услугите, односно биле бремени минимум шест (6) месеци.

Во анализата беа опфатени и институциите задолжени за реализација на здравствените услуги, за да се процени степенот на искористеност на услугите, како и нивната отчетност во однос на планираната годишна програма за 2018година.

Прва специфична цел на проектот беше подигање на свеста кај жената Ромка за листата на услуги што се опфатени со Програмата и финансирани од страна на Министерството за здравство, како и важноста на превентивните мерки за здрава бременост, антенатална и постнатална заштита и намалување на доенечка смртност. Втора цел беше да се изготват предлози и препораки до клучните институции за ефикасно и целосно реализирање на Програмите, како и нивна поголема видливост и мерливост.

# Унапредување на здравјето на жените Ромки „Моето здравје, мое право“

Спроведени активности и резултати:

- Изработена картата за оценка од заедницата која претставува реална слика за степенот на искористеност на антенатални и постпартални здравствени услуги од страна на Ромките од Куманово на возраст од 15-49;
- Остварени 20 средби во заедницата и организирани едукативни работилници со Ромите;
- Вклучени повеќе од 100-ина Ромки од Куманово во проектните активности;
- Покренати 7 правни постапки за остварување здравствени и социјални права;
- Подготвена методологија за истражување(мапирање на заедницата и мониторинг на заедницата);
- Реализирани 5 фокус групи со 58 жени;
- Интервјуирани 2 матични гинеколога, 2 патронажни сестри, 2 лабаратории, 1 гинеколог во болница;
- Испратени 22 барања на информации од јавен карактер до: Министерство за здравство, Општа болница Куманово, Здравствен дом Скопје, Центар за јавно здравје Куманово, лаборатории, гинеколози и општи матични лекари;
- Изготвена Анализа на одговорите добиени од институции до кои беа упатени барањата за информации од јавен карактер ;
- Остварени 20 средби со донесувачи на политики, претставници на здравствени институции, и организации кои работат на оваа проблематика;
- Подготвен извештај за искуството на Ромките за време на породувањето во здравствените институции испратен до Специјалниот известувач на Обединетите Нации, за насилство врз жени;
- Подготвени брошури за превенција од Корона вирус на македонски, ромски и англиски јазик;
- Подготвено Кратко резиме за применети политики на антенатални и постпартални здравствени услуги за жените Ромки;
- Организирани 2 прес-конференции и подготвени 3 соопштенија за јавност за застапување за подобар пристап до антенатални и постпартални услуги;
- Организирани 4 еднодневни работилници за мониторинг, евалуација и стратешко планирање за 15 млади Роми;
- Поделени 600 информативни брошури за здравствени и социјални права,
- Потпишан Меморандум за соработка со Општа болница – Куманово;
- Промоција на здравствени права во социјални медиуми.






ИНВЕСТИЦИЈА,
НЕ ТРОШОК!

# Менување на наративите за Ромите во здравствените институции

период на имплементирање: 01.11.2018 – 01.11.2019
донатор: Фондација Отворено Општество, Македонија
локација: Куманово

Стратегиската цел 2.3 која се однесува на промоција и подигање на свеста  кај млади Роми и Ромки за здравствени права во соработка со медиуми, можности за едукација, за социјалните медиуми, креативен активизам и нивната моќ во процесот на застапување и влијание на донесувачите на политики во областа на здравствената и социјалната заштита. Оваа цел беше применета во проектот „Менување на наративите за Ромите во здравствените институции".

Дискриминацијата, стереотипите и предрасудите се главен фактор за нееднаквиот пристап до здравствените услуги. Овие фактори се честопати производ на игнорантност и/или непознавање на Ромската култура и традиција од страната на граѓаните од другите етнички заедници. Со цел да се деконструираат длабоко вкоренетите предрасуди кон Ромите и да се воспостави дијалог помеѓу заедницата и здравствените работници, НРЦ организираше низа активности со млади Роми и Ромки од Куманово на возраст од 17-23 години во кои редовно биле вклучени и здравствени работници.

Главна цел на проектот беше да се мобилизираат млади Роми и Ромки за да се стекнат со знаења и вештини за застапување и работа на деконструкција на предрасудите кај  здравствените работници. Истовремено да се зајакнат вештините на младите за да промовираат здравствени права на ромската заедница.

Сетот од 10 работилници со млади Роми резултираше со 3 креативни видеа и форум театар. Форум театарот ја рефлектираше реалната ситуација на однесување и комуницирање на повеќето здравствените работници со ромските пациенти, но истовремено инициираше дијалог за потребната промена во комуникацијата и пристапот кон ромските пациенти како и потребата за јакнење на взаемната доверба.

Низ креативните видеа се подигна свеста но и се подобрија вештините на младите Роми и Ромки за препознавање на дискриминација и начини на справување со неа.

Младите Ромки и Роми и други граѓани за важноста на превентивната заштита за орално хигиена и сексуално-репродуктивно здравје.

# Менување на наративите за Ромите во здравствените институции

Спроведени активности и резултати:

- 24 млади Ромки и Роми од Куманово се здобиле со вештини за креативно пишување, новинарско известување, препознавање на дискриминација, видеопродукција и форим театар;
- Организирани 10 работилници за креативно пишување, новинарско известување, видеопродукција, форум театар и градење на капацитети за лидерство;
- Реализиран 1 форум театар;
- Снимени 3 кратки видеа (препознавање на дискриминација, орална хигиена и сексуално и репродуктивно здравје);
- Подготвен 1 алманах со опис на активности и препораки за потребите на младите Роми од Куманово;
- Потпишан Меморандум за соработка со Општа болница – Куманово.


„Changing the narratives for the
Roma in health care institutions"





# Поддршка на жени Ромки да ги идентификуваат своите потреби, ги побараат своите права и да се зголеми пристапот до услуги за оние кои претрпеле насилство

период на имплементирање: 01.08.2018-01.08.2019
донатор: Регионалната програма на Европската Унија и UN Women
локација: Велес, Куманово, Кичево, Кочани, Прилеп, Штип

Родово базирано насилство врз жени ги погодува жените од сите општествени групи и претставува кршење на нивните човекови права и дискриминација. Но жените и девојките Ромки се изложени на посебни облици како и зачестено насилство од различен вид, со што се мултиплицираат негативните последици.

Насилството врз жените и девојките Ромки ја отсликува родовата нееднаквост и структурната дискриминација со којашто се соочуваат. Насилството врз Ромките е засилено заради вкрстувањето на бројни фактори што ја дефинираат положбата на жената Ромка во општеството и семејството.

Сиромаштијата, исклученоста од пазарот на труд, образованието, ограничената социјална и здравствена заштита, несоодветното домување и згрижување на децата претставуваат препреки за излез од насилството и добивањето помош и поддршка. Традиционалните вредности, коишто ги споделува ромската заедница за улогата на жената и нејзината положба во семејството и стигма за непочитување на традиционалните вредности на заедницата, се исто така, сериозна препрека за барање помош и поддршка.

За да се излезе во пресрет на жените жртви на насилство, НРЦ спроведе низа на активности со цел да се намали насилството, да се заштитат и охрабрат Ромките жртви на насилство, да се едуцираат младите да го идентификуваат, пријават и спречат насилството.

Исто така во 2019 се спроведе истражување за достапност и пристап до услуги за жените и девојките Ромки кои преживеале насилство. Преку истражувањето се обезбеди знаење за актуелните состојби и за пристапот до услугите за Ромките. Истовремено се идентификувани и потребите за подобрување на стандардите за заштита на жените и девојките Ромки од насилство врз жени, вклучително и семејно насилство.

# Поддршка на жени Ромки да ги идентификуваат своите потреби, ги побараат своите права и да се зголеми пристапот до услуги за оние кои претрпеле насилство

Спроведени активности и резултати:

- Пружена правна помош во случаи на дискриминација и семејно насилство и родово насилство кон ромските жени и девојчиња;
- Организирана кампања за подигнување на свеста на локално и регионално ниво за решавање на прашањето за родово насилство и човекови права за да се поттикне солидарност меѓу сите луѓе по ова прашање;
- Организирани 12 обуки за родова еднаквост, антидискриминација, родово засновано насилство за жени и девојчиња Ромки и други членови на заедницата;
- Одржани 12 сесии со мажи и жени Роми од заедницата за решавање на прашањата поврзани со родовата еднаквост во семејството и локалната заедница;
- Идентификувани Ромки жртви на насилство;
- Изготвена документ за застапување и поддршка на систем на услуги за жртви на родово засновано насилство базирана на состојбата во 6-те општини вклучени во проектот;
- Организирани 6 промоции во Куманово,Кичево, Велес, Штип, Кочани и Прилеп на Извештајот и документот за политики за застапување и поддршка;
- Обезбедена правна помош за 90 случаи на дискриминација и семејно и родово насилство кон ромските жени и девојчиња;
- Подигната свест на жени и девојчиња за препознавање на различни форми на насилство и дискриминација преку дистрибуција на летоци / брошури на македонски и ромски јазик;
- 125 учесници, од кои 98 жени, го подобриле своето знаење за препознавање, спречување и пријавување на семејно насилство и родово базирано насилство;
- 105 учесници, од кои 95 жени, исто така го подобриле своето разбирање за родовата еднаквост и родовата дискриминација;
- Подготвен извештај за достапност и пристап до услуги за поддршка на жени и девојчиња Ромки жртви на насилство во Куманово ,Кичево, Велес, Штип, Кочани и Прилеп;
- Организиран 5-дневен медиумски камп БУВЕРО 2019 со 12 млади ромски девојки од 6 општини кои развиле комуникациски вештини за промовирање на еднакви можности и зајакнување на лидерств на жените Ромки;
- Подготвени 3 кратки видеа од кампот БУВЕРО 2019.


Buver





# Зајакнување на жената Ромка во Република Северна Македонија

период на имплементирање: 01.05.2019 – 31.12.2020
донатор: We Effect
локација: Велес, Куманово, Кичево, Кочани, Прилеп, Штип

Подобрување на соци-економскиот статус и социјалната вклученост на жените Ромки и млади Роми треба да го намали јазот кој што сѐуште постои помеѓу потенцијалот на жените и улогата која што се очекува од нив во општеството. Менување на перцепцијата за потенцијалот на жените е потребно да се направи на повеќе нивоа: во рамките на семејството, во работната средина, медиумите, како и во општеството во целина.

Фокусот на овој проект е ставен во организацискиот развој на НРЦ за родова еднаквост и интеграција, економско зајакнување на ромската заедница, зголемен пристап до правда за ромските жени, девојчиња и момчиња, како и застапување засновано врз пристап заснован на човекови права на локално и национално ниво.

# Зајакнување на жената Ромка во Република Северна Македонија

Спроведени активности и резултати:

- Организирани 2 еднодневни работилници за родова еднаквост и родова перспектива за лица вработени во НРЦ и технички асистенти;
- Организирани 2 еднодневни работилници за подобрување на внатрешните акти на организацијата и изготвување на документ за родова политика;
- Организирана 1 работилница за подготовка на документ за вклучување на родова перспектива во работата на НРЦ;
- Организирани 2 еднодневни работилници за мониторинг и евалуација;
- Спроведено 1 истражување за достапни мерки за вработување на жени и девојки Ромки со преглед на постојните политики за вработување и расположливите мерки за вработување преку Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019;
- Подготвена 1 брошура со кратки информации за можностите за вработување на жени / мажи Роми;
- Организирани 6 средби со претставници од Агенција за вработување во 6 општини;
- Спроведени 12 инфо-денови за споделување на информации од локалните агенции за вработување во 6 општини;
- Формирани 6 студиски кругови и одржани 32 сесии во 6 општини;
- Одржана една дводневна обука за зајакнување на капацитети за социјално претприемништво;
- Одржани 2 еднодневни работилници за социјални претпријатија во Кочани и Кичево;
- Спроведени 12 инфо-денови во 6 општини за правно советување заради регулирање на граѓански статус, државјанство и пристап до земјиште;
- Организирани 2 еднодневни работилници за изработка на програма за подигање на свеста за детски бракови;
- Организирани 6 инфо-сесии во 6 општини за подигање на свеста за детски бракови;
- Одржана 1 дводневна обука за застапување и лидерство;
- Зајакнати капацитети на вработените во НРЦ, раководството и локалните активисти за родова еднаквост и вклучување на родовите аспекти во главните политики, мониторинг и евалуација;
- Економското зајакнување на Ромите, со фокус на жени и девојчиња;
- Зголемен пристап до правда за жени, девојчиња и момчиња.







# Стратегиска цел 3

**Поддршка и подобрување на еднаков пристап до правдата на социјално неуслужени и незаштитени граѓани, преку стратешко застапување и активизам.**

## КОНКРЕТНИ СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ:

3.1 Развивање и позиционирање на организацијата како надзорно тело кое ќе го следи еднаквиот пристап до правдата и владеењето на правото за маргинализираните и ранливите граѓани на ромската заедница во Македонија;
3.2 Пружање на бесплатна правна помош до социјално обесправени и нивно вклучување во легалниот систем и воопшто во општеството;
3.3 Застапување и лобирање за вклучување и оддржување на Ромите и другите маргинализирани групи во заедницата во образовниот систем, како социјално подигање и ослободување од кругот на сиромаштијата;
3.4 Користење на медиумско застапување како форма за алармирање и држење на фокусот на широката јавност и донесувачите на одлуки и политики на важноста од еднаквиот пристап до правдата и владеењето на правото.

# Пристап до правда во Македонија

период на имплементирање: 01.01.2019-31.12.2019
донатор: Фондација отворено општество -Македонија
локации: Куманово , Кратово, Крива Паланка

Редовното функционирање на правната канцеларија на НРЦ и во 2019 година им овозможи на граѓаните од Куманово, Скопје, Битола, Штип и Струмица да се обраќаат за правна помош и за добивање на неопходни информации и советодавни услуги поврзани со бесплатната правна помош и механизмите за олеснување на пристапот до правда.

